ПРОГРАМА 2023

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛАГАЧ:** | ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ГРАД СКОПЈЕ |
| **ИЗГОТВУВАЧ:** | СЕКТОР ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ |
| **ПРЕСТАВНИЦИ:** | Секретар на Град Скопје |
| **ПОВЕРЕНИЦИ:** | Раководител на Сектор |

# П Р Е Д Л О Г ПРОГРАМА

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

август 2023 година

Скопје

предлог

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 95 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), Советот на Град Скопје на ____________________ седница одржана на _____ 2023 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

### Член 1

Во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Град Скопје за 2023 година ("Службен Гласник на Град Скопје" бр. 2/23), Глава IV: Финансирање на програмата, во табелата се вршат следните измени и дополнувања:

| Програма и Ставки / Ред. бр. | Назив на проект – активност | План 2023 |
|---|---|---|
| | **ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ** | **1.100.000.000** |
| Планирани приходи од уредување на градежно земјиште | | 1.000.000.000 |
| Планирани приходи од надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект | | 100.000.000 |
| | **ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ** | |
| | **Сектор за планирање и уредување на просторот** | **953.010.000**<br>**317.000.000-дотации** |
| **ФАА-482** | **Уредување на градежно земјиште (капитални расходи)** | **5.000.000** |
| 1 | Изградба на улици по склучени договори за уредување на град.земјиште | |
| 2 | Проекти за изградба на комунална инфраструктура | |
| 3 | Изградба на комунална инфраструктура | |
| 4 | Изградба на главни доводни системи за водоснабдување | |
| 5 | Изградба на главни одводни системи | |
| **Ф2О-425** | **Уредување на градежно земјиште** | **24.800.000** |
| 6 | Геодетски услуги | (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2022) |
| 7 | Физибилити студии | |
| 8 | Проценители за експропријација | (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2022) |
| **ЈАА-482** | **Јавно осветлување (капитални расходи)** | **102.500.000** |
| 9 | Реализација на паметно осветлување и платформа за дигитален град | (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2020) |
| 10 | Осветлување на Кеј на река Вардар | |
| 11 | Инсталација на мрежа за јавно осветлување во општина Сарај | |
| **ЈДА-482** | **Изградба и реконструкција на улици и патишта** | **509.710.000**<br>**317.000.000-дотации** |
| 12 | Изработка на проектни документации за сообраќајници и јавни површини | |
| 13 | Изградба на улица С9-ул.,,1806 и улица С5-ул.,,1688 и С2 ул.2-ра Македонска Бригада општина Бутел и Карпош | |
| 14 | Изградба на **клучка** на бул.Словенија-вкрстување со бул.Никола Карев | |
| 15 | Изградба на улица СТ 1, дел од улици С1; С2; С3 и С4, според ДУП И 12 (Оп.Аеродром) | |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | Ревизија на проекти, контролни испитувања и консултантски услуги | (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2021) |
| 17 | Изградба на бул.АСНОМ (фазна реализација) | **Дел дотација** |
| 18 | Реконструкција, одржување на мостови (конструкција, коловоз, тротоари, огради, дилатациони фуги и осветлување) | |
| 19 | Надзор над изградбата, реконструкцијата и одржувањето | (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2021) |
| 20 | Изградба, одржување и реконструкција на дел од ул. Теодосиј Гологанов кај клуб на пратеници (меѓуопштинска соработка) | (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2021) |
| 21 | Изградба на ул. Есенинова и подземни бунари со линиски системи | (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2020) |
| 22 | Изградба на ул.Боца Иванова од кружен тек до бул.Х.Т.Карпош | (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2022) |
| 23 | Изградба, реконструкција и одржување на мали плоштади, скверови, дрвореди, зелени површини, уредување на површини околу објекти од култура | |
| 24 | Изградба на бул. Љубљанска од бул. Илинден до бул. Словенија (фазна реализација ) | |
| 25 | Изградба, реконструкција и одржување на ул. Борис Трајковски од крстосница во нас. Пинтија до кружен тек пред мост на Маркова река, Фаза 2. | (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2021) |
| 26 | Изградба, реконструкција и одржување на сообраќајници со меѓуопштинска соработка | |
| 27 | Изградба, реконструкција на бул. Гоце Делчев | |
| 28 | Изградба на раскрсница ул. Скупи и бул. 8 – ми Септември, раскрсница бул. 8 – ми Септември и бул. Никола Карев, бул. Никола Карев и ул. Словенечка | **Дел дотација** (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2021) |
| 29 | Изградба на ул.Васко Карангелевски (од бул.3-та Македонска Бригада до ул. Владимир Комаров) | (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2021) |
| 30 | Реконструкција на ул.Димо Хаџи Димов | (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2022) |
| 31 | Реконструкција на ул. Перо Наков (фазна реализација) Гази Баба | (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2022) |
| 32 | Реконструкција на ул.Рузвелтова - фазна реализација | (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2022) |
| 33 | Реконструкција на ул. „Радишанска" | (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2022) |
| 34 | Реконструкција на бул.АСНОМ од раскрсница со бул.Србија до пристапна влез во Куќа на фудбалот-ФФМ Оп.Аеродром Л=700м | (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2022) |
| 35 | Изградба, реконструкција и одржување на бул.Цветан Димов | |
| 36 | Изградба на кружен тек на крстосница на ул.Ќемал Сејфула и ул.Крста Асенов | |
| **37** | **Изградба на бул. Македонија- прва фаза (јужен коридор)** | **Дел дотација** |
| **ЈДА-485** | **Изградба и реконструкција на улици и патишта** | **98.000.000** |
| 38 | Експропријација на земјиште и објекти за изградба на улици | |
| **ЈГА-482** | **Изградба на системи за водоснабдување** | **125.000.000** |
| 39 | Водоводна мрежа по дел од ул.Скупи, на делот од кружниот тек | |
| 40 | Меѓуопштинска соработка - Подобрување на системот за водоснабдување во селата Рашче, Копаница, Бојане, Буковиќ и Ласкарци во Општина Сарај | |
| **ЈИО-482** | **Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** | **38.000.000** |
| 41 | Атмосферска канализација по дел од бул.Никола Карев, крак 16, потег пш22 до реципиент | |
| 42 | Изградба на дел од фекална и атмосферска канализација во Општина Шуто Оризари | |
| **ЈЛА-482** | **Капитални расходи за други комунални услуги** | **50.000.000** |
| 43 | Изградба и реконструкција на Усјански канал | (обврска по склучен договор за јавна набавка од 2022) |

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во ”Службен гласник на Град Скопје”.

Број 27-
___ август 2023 година
Скопје

Совет на Град Скопје
Претседател,
**Трајко Славески**

**О б р а з л о ж е н и е**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје. Согласно член 95 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на Република Македонија” бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19), уредувањето на градежното земјиште го вршат општините, општините во градот Скопје и градот Скопје врз основа Програма за уредување на градежното земјиште што ја донесува Советот.

Изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Град Скопје за 2023 година (“Службен гласник на Град Скопје” бр. 02/2023) е потребно и се однесува на измена на износите на приходите како и на расходите на одредени ставки, наведени во предложените измени. Намалувањето и зголемувањето на расходите е сведување на пореални трошоци, врз основ на досега прибраните средства како и склучени договори и направени процени дека за истите ќе бидат потребни средствата за исплата за извршување на одредени позиции за оваа година.

Наведените измени се однесуваат на:

1. Во поднаслов **Планирани приходи**: износот „1.120.000.000“ се заменува со износот „1.100.000.000“;

2. Во Планирани приходи од уредување на градежно земјиште износот „1.010.000.000“ се заменува со износот „1.000.000.000“;

3. Во Планирани приходи од надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект износот „110.000.000“ се заменува со износот „100.000.000“;

4. Во поднаслов **Планирани расходи**: износот „1.073.810.000“ се заменува со износот „953.010.000“ плус дотации „317.000.000;

5. Во програмата Ф20-425: **Уредување на градежно земјиште**: износот „11.000.000“ се заменува со износот „24.800.000“;

6. Во програмата ЈАА-482: **Јавно осветлување (капитални расходи)**: износот „106.200.000“ се заменува со износот „102.500.000“;

7. Во програма ЈДА-482: **Изградба и реконструкција на улици и патишта**: износот „732.210.000“ се заменува со износот „509.710.000“ плус дотации „317.000.000“;

8. Редниот број 20 во називот на проектот „Експропријација на земјиште за изградба на улици“ се брише.

9. По редниот број 36 се додава нова позиција број 37, назив на проект „изградба на бул. Македонија- прва фаза (јужен коридор)“

10. По редниот број 37 во програмата ЈДА се додава нова ставка 485 со назив на проект „Изградба и реконструкција на улици и патишта“ во износ од 98.000.000,00 денари.

11. По програмата ЈДА-485 се додава нов реден број 38 со назив на проект „Експропријација на земјиште и објекти за изградба на улици“. Редните броеви од 38 до 42 се заменуваат со редни броеви од 39 до 43.

12. Во програма ЈГА-482: **Изградба на системи за водоснабдување**: износот „131.400.000“ се заменува со износот „125.000.000“;

Делот на капиталните донации од страна на државата донесени со Одлука на Влада на Република Северна Македонија број 41-11559/3 од 21 декември 2022 година се за: дел од позиција 17: „Изградба на бул.АСНОМ (фазна реализација)“ и новата позиција 37: „Изградба на бул. Македонија- прва фаза (јужен коридор)“ со износ „240.000.000“ и дел од позиција 28: „Изградба на раскрсница ул. Скупи и бул. 8 – ми Септември, раскрсница бул. 8 – ми Септември и бул. Никола Карев, бул. Никола Карев и ул. Словенечка“ со износ „77.000.000“.

Со цел непречена реализација на средствата наменети за експропријација со која ќе се овозможи навремено и во целост исплаќање на средствата на сопствениците на земјиште и објекти кои се експроприраат, а заради задоволување на јавниот интерес утврден во член 7 став 1 алинеја 8 од Законот за експропријација (“Службен весник на Република Македонија” бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/21), односно градење на објекти за општа употреба и тоа: општински патишта, плоштади, јавни паркови, пазари, јавни паркиралишта и гробишта, неопходно е донесената Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Град Скопје за 2023 година, да претрпи одредени изменувања и дополнувања.

Имено, во Глава IV: Финансирање на Програмата во табелата во Програмата ЈДА, експропријацијата на земјиште и објекти за изградба на улици од ставка 482 се менува во ставка 485 со цел да се изврши усогласување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Град Скопје за 2023 година (“Службен Гласник на Град Скопје” бр.2/23), со Буџетот на Град Скопје за 2023 година, каде што експропријацијата е предвидена под ставка 485.

Со издвојување како посебна ставка во Програмата, во спроведување на постапката за експропријација ќе се придинесе кон непречено исплаќање на предвидените средства на сопствениците на земјиште и објекти и реализација на инфраструктурни објекти, а со тоа ќе се овозможи и завршување на веќе започнатите проекти.

Врз основа на погоре наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Град Скопје за 2023 година.